Преговарачко поглавје 20:

# ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА



**Проектот е финансиран од Европската унија**

Преговарачко поглавје 20:

# ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**Проектот е финансиран од Европската унија.**
Оваа публикација е изготвена со помош на Европската унија.
Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

Издава:
Фондација за менаџмент и индустриско истражување

За издавачот:
Габриела Костовска Богоеска

Автор:
Павел Роман Пападимитров

Лектура:
Дејан Василевски

Превод на англиски јазик:
АД ВЕРБУМ, Скопје

Графичко обликување и печатење:
СЗД БЕЛА ДИЗАЈН

Тираж:
200

*Скопје, 2017 година*
www.yes-network.org
www.poglavje20eu.org, *ресурсен центар*

Публикацијата е изработена во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20 (YESNetwork+)“ финансиран од Европската унија во рамките на програмата ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите 2015, имплементиран од Фондацијата за претприемачки сервис за млади (координатор), Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и Здружението за рурален развој „Јавор“.

# СОДРЖИНА


ЕУ – од шест до дваесет и осум............................................................ 5
Критериуми за членство-кој може да пристапи?.................................. 6
Преговорите со ЕУ во осум точки......................................................... 9
За што се преговара?.......................................................................10
Македонија и Европска унија............................................................13
Поглавја - 33 чекори кон ЕУ..............................................................19
Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика..........................23
Содржина на Поглавјето 20............................................................. 25
Принципи на претпријатија и индустриска политика...................... 26
Инструменти на претпријатија и индустриска политика................. 29
Секторски политики.....................................................................33
Поглавје 20 - Институционална рамка............................................... 35
Поглавје 20 приоритети................................................................... 40
Согледувања.................................................................................. 45
За проектот и платформата Поглавје 20............................................ 47

# ЕУ

**– од шест до дваесет и осум**

Кога во 1950 година францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман предложи воспоставување на наднационална заедница што би управувала со индустријата на јаглен и челик и би создавала заеднички пазар помеѓу шесте држави основачи – Белгија, Сојузна Република Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија – никој не можеше ни да замисли дека 67 години подоцна оваа заедница ќе биде политичка и економска унија на 28 држави-членки. Проширувањето од шест на 28 држави не беше лесен процес. Во текот на овој период Европската унија ги менуваше своите договори, ги модернизираше институциите и, најважно, ги зајакна демократијата и безбедноста во Европа. Европската унија создаде најголем заеднички пазар, а воедно го зголеми потенцијалот за трговија и економскиот пораст на континентот.

Секое проширување подразбира и реформа; ЕУ мора да ја интегрира својата идна членка, но и да продолжи да функционира правилно. Првото проширување, од шест на девет држави, се случува дваесет години по воспоставувањето на Европската заедница за јаглен и челик, во 1973 година, кога Данска, Ирска и Велика Британија одлучуваат да пристапат. По првото проширување, Заедницата се развива со воведување на нови политики – социјални политики и политики за заштита на средината, како и со воспоставување, две години подоцна, на Европскиот фонд за регионален развој. Во текот на осумдесеттите години, три држави – Грција, Португалија и Шпанија – пристапуваат кон европското семејство, а декада подоцна стануваат членки уште три земји – Австрија, Финска и Шведска. Историското проширување се случува во 2004 година, кога десет држави пристапуваат кон ЕУ: Кипар, Република Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка и Словенија. Три години подоцна, во 2007 година, кон ЕУ се приклучуваат и Романија и Бугарија. По приемот на Словенија во 2004 година, Хрватска е втората држава од поранешните југословенски републики што станува членка на ЕУ во јули 2013 година.

Европската перспектива останува отворена за целиот регион на западниот Балкан. Истата година кога Словенија станува членка, Република Македонија аплицира за членство во ЕУ. Европската комисија дава позитивно мислење во ноември 2005 година, а Советот на Европа во декември 2005 година одлучува да го додели статусот земја-кандидат за членство. Во октомври 2009 година, Европската комисија дава препорака за отворање на процесот на преговори.
Покрај Македонија, држави-кандидати се и Србија, Црна Гора, Албанија и Турција, додека Босна и Херцеговина и Косово се потенцијални кандидати.

## Критериуми за членство – кој може да пристапи?

Договорот за Европската унија пропишува дека секоја европска држава може да поднесе барање за членство доколку ги почитува демократските вредности и е посветена на нивно понатамошно унапредување заедно со другите членови на европското семејство. Првиот чекор што државата мора да го направи е да ги исполни клучните критериуми за членство. Овие критериуми во најголем дел се дефинирани на состанокот на Советот на Европа одржан во Копенхаген во 1993 година и поради тоа се нарекуваат „копенхагенски критериуми“.
Во согласност со овие критериуми, членството во Европската унија значи дека државата што сака да пристапи кон ЕУ мора да има:

- стабилни институции што гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права и почитување и заштита на малцинските групи;
- функционална пазарна економија и способност за справување со пазарните притисоци во рамките на единствениот пазар;
- способност да ги преземе и успешно да ги исполни обврските што произлегуваат од членството, вклучувајќи го придржувањето до целите на политичката, економската и монетарната унија.

За државите на западниот Балкан воведен е и процес на стабилизација и асоцијација што има три цели:

- политичка стабилизација и охрабрување на брза транзиција кон пазарната економија;
- унапредување на регионалната соработка;
- членство во Европската унија.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) е постојната правна рамка што ги регулира односите на Република Македонија со Европската унија. Република Македонија е првата земја што потпиша ССА и првата земја во која ССА стапи на сила. ССА беше потпишана надеветти април 2001 година во Луксембург и по нејзината ратификација од сите потписници, стапи на сила на први април 2004 година. Но, иако ССА стапи на сила во 2004 година, деловите од ССА што ги регулираат трговијата и трговските прашања стапија на сила на први јуни 2001 година со посебната Времена спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница.

Овој процес им помага на државите да ги изградат капацитетите за усвојување и за спроведување на законите на Европската унија, како и на европските и на меѓународните стандарди. Тој е заснован на блиско партнерство во чиишто рамки Европската унија нуди комбинација на пазарни предности, економска и финансиска поддршка, помош за реконструкција и развој. Секоја држава се приближува чекор по чекор кон членството во Европската унија како што ги исполнува своите обврски во рамките на ССА. Европската комисија го оценува остварениот напредок во рамките на годишните извештаи за напредокот, што се објавуваат секоја есен.

# ПРЕГОВОРИТЕ

## со ЕУ во осум точки

1) Државата што сака да пристапи кон Европската унија поднесува барање до државата што моментално претседава со Советот на Европската унија.
2) Европската комисија потоа го оценува барањето на државата и доставува свое мислење до Советот на Европската унија.
3) Доколку Европската комисија достави позитивно мислење за статусот на државата-кандидат, Советот може да почне со разгледување на барањето.
4) Доколку Советот го одобри отворањето на преговорите, Европската комисија почнува процес на аналитичко испитување на законодавството познат како „скрининг". Во извештајот што се генерира притоа се идентификуваат обврските што мора да ги исполни земјата-кандидат.
5) Правото на ЕУ (acquis) е поделено во 33 поглавја од кое секое покрива специфична област од политиката. Поглавјата ги покриваат главните аспекти на политиката на Европската унија, како што е слободниот тек на добрата, капиталот и работниците; економската политика, енергетиката, транспортот, регионалната и надворешната политика, основните права итн.
6) Откако државата ќе ги реформира своите национални стратегии, закони и подзаконски акти така што ќе одговараат на правото на ЕУ и кога сите критериуми ќе бидат исполнети (односно кога ќе се затвори секое поглавје), договорените аспекти се дефинираат во рамките на Договорот за пристапување што го потпишува државата што пристапува и сите земји-членки на ЕУ. Договорот за пристапување мора да ја добие поддршката и од Советот на Европската унија, од Европската комисија и од Европскиот парламент.
7) Откако Договорот за пристапување ќе биде потпишан, мораат да го ратификуваат државата што пристапува и секоја држава-членка на Европска унија поединечно во линија со своите уставни решенија (односно преку гласање во собрание или преку референдум).
8) Државата што пристапува станува членка на Европската унија на датумот што е дефиниран во Договорот за пристапување.

# За што се преговара?

Државата-кандидат за членство во ЕУ мора да ги усвои и да ги примени сите важечки правила, стандарди и закони на ЕУ (acquis communautaire – право на ЕУ). Значи, да го прифати правото на ЕУ во целост, бидејќи тие претставуваат корпус од заедничките права и обврски што ги поврзуваат сите држави-членки на Европската унија.

Корпусот на овие права и обврски постојано еволуира и содржи:

1) Примарно законодавство
   - Спогодби
   - Општи правни начела
2) Закони усвоени при примена на спогодбите и судската практика на Судот на правдата
3) Меѓународни спогодби склучени од ЕУ
4) Секундарно законодавство
   - Уредби
   - Директиви и препораки
   - Општи и индивидуални одлуки
5) Општи начела на управното право
6) Конвенции помеѓу земјите-членки

Државите-кандидати во целост мораат да го прифатат правото на ЕУ пред да им биде овозможено да пристапат до Европската унија, односно да го вклучат правото на ЕУ во своето национално законодавство и да го спроведуваат од моментот на пристапување. Овие правила се поделени во 33 различни области на правото на ЕУ, општо познати како преговарачки поглавја.
Преговорите за пристапување почнуваат кога сите влади на државите-членки на Европската унија ќе се согласат околу преговарачката рамка за преговорите со државата-кандидат, во форма на едногласна одлука на Советот на Европа. Преговорите се одвиваат помеѓу владите на државите-членки на ЕУ и државата-кандидат.

Преговорите во рамките на секое поглавје се засноваат на следните елементи:

1) Скрининг – Европската комисија спроведува детален аналитички преглед на секоја област од политиките (поглавја) заедно со државата-кандидат, за да се утврди во колкава мера државата е подготвена за членство. Резултатите од прегледот по поглавја Комисијата ги претставува на државите-членки во вид на извештај за скринингот. Заклучокот од тој извештај може да биде или препорака од Комисијата преговорите директно да се отворат или барање пред тоа да се исполнат одредени услови – мерила за отворање на преговорите (benchmarks).
2) Преговарачки позиции – пред да се отворат преговорите во секое поединечно поглавје, државата-кандидат мора да ја поднесе својата Преговарачка позиција, а ЕУ мора да усвои заедничка Преговарачка позиција (во рамките на Унијата). За поголемиот дел од поглавјата, ЕУ ќе дефинира мерила за затворање на преговорите, што државата-кандидат мора да ги исполни пред затворањето на преговорите во дадената област.

Во текот на процесот на преговори, Европската комисија го следи напредокот на државата-кандидат во примената на законите на ЕУ и исполнувањето на другите обврски, вклучувајќи ги сите барања во врска со мерилата. Тоа на државите-кандидати им овозможува дополнително придвижување кон членството, а на постојните членки им гарантира дека државата-кандидат ги исполнува условите за пристапување. Комисијата исто така ги информира Советот на Европа и Европскиот парламент за текот на целиот овој процес преку редовни извештаи, стратешки документи и појаснување за условите за понатамошен напредок. Едно од основните правила на преговорите е дека „ништо не е договорено додека не е сè договорено“.

# МАКЕДОНИЈА

## И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Македонија е земја-кандидат за членство во Европската унија и очекува почеток на преговорите за членство. Наредна фаза во процесот на пристапување е добивање датум за преговори за членство во Унијата. Процесот на преговори за членство во Европската унија за Република Македонија ќе значи окончување на процесот на приближување кон Унијата, усвојување на нејзините придобивки и вредности, како и целосно приспособување на македонските институции кон начинот на функционирање на институциите на Унијата. Преговорите истовремено ќе значат и создавање основи и подготовка за идно успешно функционирање на Република Македонија како земја-членка на Унијата.

- Основниот документ на Европската унија за приоритетите на пристапувањето на Република Македонија во рамките на **Стратегијата за проширување** е **Партнерството за пристапување**.
- Главните приоритети од Партнерството за пристапување се поставени од страна на Европската комисија како услов за добивање датум за преговори со Европската унија. Владата на Република Македонија во март 2008 година донесе **Мерки и активности за реализација на главните приоритети од Партнерството за пристапување**.
- Оцената за остварувањето на приоритетите се дава во **Извештајот за напредокот**, што Европската комисија го објавува еднаш годишно, во ноември.
- Потоа Советот на министри на Европската унија донесува заклучоци во однос на Извештајот. Клучни одлуки за напредокот на процесот на пристапување донесува Советот на Европа, на својот декемвриски самит (во заклучоците на Претседателството).
- Република Македонија ја дефинира својата европска агенда преку **Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА)** и други клучни документи.

- За исполнување на делот на економски критериуми, Република Македонија на годишно ниво подготвува **Претпристапна економска програма (ПЕП)**.
- Владата на Република Македонија редовно го известува Собранието за оствареното во врска со членството кон ЕУ, преку тримесечни извештаи. Секретаријатот за европски прашања (СЕП) подготвува Месечни прегледи за напредокот. СЕП подготвува Придонес кон извештајот за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ.

## ПРЕСВРТНИЦИ

- Април 2004 – стапува на сила Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).
- Декември 2005 – добиен статус на земја-кандидат за членство во ЕУ.
- Јануари 2008 – стапува на сила договорот за реадмисија.
- 2009 – прва препорака на ЕК за отворање на преговорите за пристапување. Стапување на сила на визната либерализација.

Република Македонија, како лидер во регионот, беше прва држава од земјите-учеснички во процесот за стабилизација и асоцијација што ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација во април 2001 година. Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и ЕУ влезе на сила во април 2004 година, додека во март 2004 година, во Даблин, Владата на Република Македонија поднесе барање за членство во ЕУ со што се потврди континуираната и јасна политички определби за приклучување кон Унијата. На тој пат кон приближување кон ЕУ, Европскиот совет ја препозна заложбата на Република Македонија и на Самиот во Брисел во декември 2005 година и додели статус на земја-кандидат. Во март 2009 година, со усвојување на Резолуцијата за извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година во која се предлага почнување на преговорите за членство во ЕУ, Комисијата првпат му даде препорака на Советот да почне пристапни преговори со земјата. Одлуката беше донесена врз

основа на убедливиот напредок постигнат и значителната работа на клучните реформски приоритети, познати како одредници 8+1, а особено исполнувањето на копенхагенските политички критериуми.

Европскиот парламент, на својата седница одржана во февруари 2010 година, ја изгласа Резолуцијата по Извештајот за напредокот во 2009 година, во која побара од Советот, без понатамошно одлагање, на својот самит во март 2010 година, да ја потврди препораката, но и да донесе одлука за почнување на преговорите за членство, со напомена дека јасната перспектива за членство во ЕУ е главната движечка сила за реформи во земјата, од исклучителна важност за политичката стабилност и заедничка цел на политичките актери и етничките групи во Република Македонија.

## ТРГОВИЈА И ИНВЕСТИЦИИ

- ЕУ е најголемиот трговски партнер на Македонија




## МОБИЛНОСТ

- Патување во ЕУ без виза од декември 2009 година.
- 17% од финансирањето на ЕУ 2014-2020 наменето за транспорт.
- Унапредување на мрежата на патен и железнички сообраќај од 2003 година.
- Со претпристапната поддршка модернизирани се делови од Паневропскиот патен коридор X и железничките коридори VII и X.

## ЕУ-ФОНДОВИ

- 615 милиони евра за претпристапните фондови на ЕУ за 2007-2013.
- 664,2 милиони евра за претпристапните фондови на ЕУ за 2014-2020.
- Клучни инвестиции во железничката транспортна инфраструктура (60 милиони евра).

## ПРИБЛИЖУВАЊЕ ДО ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ

- Владеење на правото и стабилна демократија.
- Реформа на јавната администрација.
- Јакнење на конкурентноста и поддршката за МСП.
- Унапредување на транспортните и енергетските врски.
- Напори за почиста животна средина и побезбедна храна.

# ПОГЛАВЈА

## – 33 чекори кон ЕУ

Процесот на пристапување кон ЕУ е процес што вклучува усвојување на воспоставеното право на ЕУ и подготовки за соодветна имплементација и спроведување на судските, административните, економските и другите реформи што се неопходни за земјата да ги исполни условите за приклучување кон Унијата. Наведените препораки и задолженија што земјите-кандидати за влез во ЕУ мораат да ги имплементираат, се поделени во 33 поглавја и секое од нив претставува појдовна основа за пристапните преговори, односно кореспондира со одредена област. Земјите-кандидати се обврзани да ги приспособат своите административни и институционални инфраструктури и да го усогласат своето национално законодавство со законодавството на ЕУ во овие области. Различните поглавја се разгледуваат за време на мониторирањето и редовно се оценуваат додека не се затвори секое поглавје.

Поглавје 1: Слободно движење на стоки

Поглавје 2: Слобода на движење на работници

Поглавје 3: Право на основање и слобода на давање услуги

Поглавје 4: Слободно движење на капитал

Поглавје 5: Јавни набавки

Поглавје 6: Право на трговски друштва

Поглавје 7: Право на интелектуална сопственост

Поглавје 8: Политика на конкуренција

Поглавје 9: Финансиски услуги

Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми

Поглавје 11: Земјоделство и рурален развој

Поглавје 12:Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

Поглавје 13: Рибарство

Поглавје 14: Транспортна политика

Поглавје 15: Енергија

Поглавје 16: Оданочување

Поглавје 17: Економска и монетарна политика

Поглавје 18: Статистика

Поглавје 19: Социјална политика и вработување

Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика

Поглавје 21: Трансевропски мрежи

Поглавје 22: Регионална политика и координација на структурни инструменти

Поглавје 23: Судство и фундаментални права

Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност

Поглавје 25: Наука и истражување

Поглавје 26: Образование и култура

Поглавје 27: Животна средина и климатски промени

Поглавје 28: Заштита на потрошувачи и здравствена заштита

Поглавје 29: Царинска унија

Поглавје 30: Надворешни односи

Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика

Поглавје 32: Финансиска контрола

Поглавје 33: Финансиски и буџетски одредби

Дознајте повеќе:

http://ec.europa.eu/enlargement/index_en.htm

# ПОГЛАВЈЕ 20

## – ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

Индустриската политика на ЕУ има цел да **промовира индустриски стратегии** што би ја **зголемиле конкурентноста**, би го забрзале приспособувањето кон структурните промени, би поттикнувале **креирање на поволно деловно опкружување** низ ЕУ, зголемување на домашни и странски инвестиции и унапредување на севкупниот деловен амбиент во кој работат малите и средните претпријатија, а би се поттикнувале и **претприемништвото и иновациите**.

## 20 Која е корист за Македонија?

- Развој на конкурентноста на МСП и индустријата
- Поттикнување на младинското, женското и социјалното претприемништво
- Поддршка на иновации

Развојот на конкурентноста и секторот на МСП претставува еден од врвните приоритети на ЕУ. Европското законодавство и финансиската поддршка даваат можност за воспоставување на стопанство базирано на конкурентност како одговор на глобализацијата и потребата за одржлив економски развој. Во таа насока, МСП претставуваат еден вид движечка сила што го поттикнува индустрискиот пораст и економскиот напредок.

За земја како Република Македонија чекорите и активностите што се остварува и се реализираат во оваа област се во директна врска со развојот на целокупната индустрија, при што јасно дефинираната индустриска политика и развојот на стратешките сектори заедно со политиката базирана на поддршка на МСП претставува важен предуслов за развој на силна пазарна економија. Од година во година Македонија постигнува напредок во подобрувањето на целокупниот деловен амбиент за МСП преку поедноставување на одредени административни постапки, финансиска поддршка, законодавно усогласување и слично, а сепак во периодот што следува треба да се обезбедат дополнителни напори и средства, како и да се подигнат капацитетите на различните чинители во процесот на едно повисоко ниво доколку како цел се има целокупното деловно опкружување што владее во развиените земји на ЕУ.

# СОДРЖИНА

## НА ПОГЛАВЈЕТО 20

1) Принципи на претпријатија и индустриска политика
2) Инструменти на претпријатија и индустриска политика
3) Секторски политики

Правото на ЕУ во поглавјето Претпријатија и индустриска политика се состои од **принципи и инструменти** што се опфатени во препораките и заклучоците од Советот на Европа и на ниво на ЕУ најчесто се имплементираат преку програмите на ЕУ.
Ова преговарачко поглавје исто така содржи и **секторски политики**. Политиката за претпријатија и индустрија на ЕУ главно е водена од Стратегијата Европа 2020.

Со воспоставување на генерални **политички принципи**, ЕУ настојува да ги забрза структурните промени и да промовира средина соодветна за креирање бизниси, за домашни и за странски инвестиции, промовирање на МСП и на претприемништвото и иновациите. Поспецифично, МСП-политиката на ЕУ се карактеризира со препораки и со заеднички механизми за ревизија содржани во Актот за мали бизниси како и во воспоставената дефиниција за МСП.
**Инструментите** на политиката за претпријатија и индустриска политика се развиени во програмата на ЕУ за Конкурентност на малите и средните претпријатија (КОСМЕ). Оваа програма обезбедува финансиска поддршка на претпријатијата и креаторите на политики и се фокусира на акции што промовираат пристап до финансии и пазари, бизнис-услуги како Enterprise Europe Network, европски и национални иновациски политики за поддршка на МСП. Еден значаен инструмент претставува Директивата 2011/7/ЕУ за борба против доцнењето во наплатата при комерцијалните трансакции.
Преку **секторските политики**, ЕУ промовира пофокусирана анализа на специфичните сектори и иницира активности за одредени сектори, како групи на високо ниво, политички форуми, студии и експертски панели, како и иницијативи за вмрежување.

Формулирањето и имплементацијата на политиките за претпријатија и индустриска политика побаруваат соодветен административен капацитет на национално, регионално и локално ниво, вклучувајќи ефикасни процеси на консултација и механизми за соработка со главните чинители, како што се индустриските здруженија.

## Принципи на претпријатија и индустриска политика

Економската политика на Владата на Република Македонија континуирано се фокусира на **подобрување на деловната клима** и на условите за водење бизнис преку имплементација на различни реформски активности, како и на поддршката за зголемување на конкурентноста и иновативноста на македонската економија. Во таа насока, Македонија постигна забележителни резултати што се потврдува со подобрено рангирање на земјата во соодветни интернационални извештаи како Doing Business на Светската банка, извештајот за Глобална конкурентност на Светскиот економски форум и слично, како и преку позитивните оцени во Извештајот за индексот на мали и средни претпријатија, заснован на Актот за мали бизниси.

- Една од клучните реформи за унапредување на бизнис-климата е регулаторната реформа што продолжува да се реализира преку **Регулаторната гилотина** и спроведувањето на **Процената на влијанието на регулативата (ПВР-РИА)**, како интегрален дел во процесот на подготовка на закони.
- Единствениот национален електронски регистар на прописи www.ener.gov.mk – **ЕНЕР** континуирано се развива и се подобрува, давајќи можност на сите засегнати страни да доставаат коментари и предлози директно до надлежните институции во врска со предлог-регулативата.
- **Дијалогот со бизнис-заедницата** континуирано продолжува преку директна комуникација со коморите, кластерите и другите форми на здружувања, како и со директна комуникација со фирмите преку проектот „Учиме од бизнис-заедницата“ што се реализира во пет циклуси, разни

конференции, трибини и др. Преку порталот konkurentnost.mk редовно се известува бизнис-заедницата за сите активности и мерки за поттикнување на конкурентноста.

- Во насока на поефикасен дијалог се реализира и проектот во чиишто рамки е изработена оваа публикација – „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20“ поддржан од Европската унија. Проектот ќе овозможи вклучување на граѓанските организации што се активни на полето на Поглавје 20 во тековните реформски процеси, организирајќи се во **Платформа Поглавје 20**.

**Политиките за претпријатија** се претставени преку повеќе стратешки документи и акциски планови: Стратегијата за конкурентност 2016-2020, Индустриска политика 2009-2020 година, Стратегија за развој на занаетчиството 2011-2020 година, Стратегија за иновации 2012-2020, како и поврзани програми. Сите документи се во согласност со Стратегијата ЕУ 2020, Стратегијата за ЈИЕ 2020, Актот за мали бизниси на ЕУ и други соодветни регионални иницијативи.

- **Стратегија за конкурентност** на македонската економија со Акциски план за периодот 2016-2020 година, усвоена во јануари 2016 година, претставува единствен стратешки документ за конкурентност и ги дефинира приоритетите за понатамошен развој на македонската економија. Акцискиот план преку кој се спроведува Стратегијата опфаќа 45 приоритетни мерки во вредност од околу 131 милион евра, поделени во седум области насочени кон: поедноставна и постабилна деловна средина; попретприемачки и попродуктивен МСП-сектор; подинамичен извозен сектор; поатрактивна средина за странски инвеститори; повешта и попретприемачка работна сила; заживеана индустриска политика; и повеќе финансии за претприемачкиот сектор.

| |
|---|
| Во првата година од реализацијата на Акцискиот план на Стратегијата, статусот на реализација е следен:<br>- 35 мерки (78%) во фаза на спроведување<br>- 6 мерки (13%) со одложено спроведување<br>- 4 мерки (9%) со непочнато спроведување |

- Во вториот квартал од 2017 година, Министерството за економија почна со реализација на **Проектот за ревизија на индустриската политика** финансиран од ЕУД. Со овој проект, освен подготовка на нова ревидирана индустриска политика, исто така, се планира да се воведе систем за мониторинг и евалуација на индустриската политика, надградба на порталот konkurentnost.mk, како платформа за информирање на бизнис-секторот и поддршка на кластерските здруженија преку анализа на политиките и конкретна поддршка на три кластери во изработка на приоритетни развојни проекти.

| Постоечка индустриска политика: | Препораки за идната политика: |
|---|---|
| • Комбинација од индустриска политика и стратегија<br>• Хоризонтална по природа<br>• 5 интервентни области (МСП, кластери, интернационализација, применето И&Р и еколошки производи и услуги | • Фокус на стратегија со помалку, но поефективни мерки<br>• Фокус на производниот сектор<br>• Зголемен буџет и зголемена **КООРДИНАЦИЈА** на сите нивоа:<br>- Владино и меѓу министерско ниво<br>- Јавно-приватна координација<br>- Донаторска/СДИ координација |

- Се финализира документот „**Национална стратегија за МСП (2017-2022) со Акциски план (2018-2020)**“, добиени се и имплементирани коментари од одделни институции, како и од донаторите и неговото усвојување се планира во ноември 2017 година.
- Во финална фаза е изготвувањето и на „**Стратегијата за развој на женското претприемништво, 2017-2020**“.

Овие документи треба да донесат нов систем за поддршка на развојот на секторот претпријатија, што ќе соодветствува и ќе се базира на состојбите и приоритетите на новата влада, нудејќи сет мерки за

поддршка на бизнис-секторот, зголемување на продуктивноста, зголемени инвестиции во фирмите, развој на фирмите, зголемување на извозот, зголемување на иновативниот капацитет, зголемена соработка меѓу бизнис-секторот и науката, воспоставување врски меѓу странските инвеститори и домашните фирми, воведување мерки за енергетска ефикасност во фирмите и многу други.

Клучни институции во креирање и имплементација на политиките за претпријатија и индустриска политика се КЗПВРМ (Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори), Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и повеќе деловни и регионални центри. Мерките се имплементираат преку програми и проекти финансирани од Буџетот на РМ или ИПА и донатори (на пример, „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации" поддржан од Светската банка).

## Инструменти на претпријатија и индустриска политика

За спроведување на политиките на претпријатија што нудат поддршка на пораст и развој се реализираат **програми и проекти** што се финансираат од буџетот и од разни донатори, што се реализираат од страна на повеќе институции. Мерките и инструментите за поддршка на приватниот сектор се насочени кон кофинансирање трошоци за развојни проекти за фирмите, подобар пристап до финансии, обезбедување на разни обуки и семинари за подобрени вештини и знаења, како и подобрена информираност за разни теми.

- Министерството за економија континуирано ја имплементира **Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво**,

што содржи мерки за поддршка на МСП, имплементација на индустриска политика и поддршка на кластерите.

- Во насока на поддршка на претприемништвото и малите и средните претпријатија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ) ги реализира мерките предвидени во својата годишна **Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија**. Главно, овие програмски активности вклучуваат: 1) ваучерски систем за субвенционирано советување како поддршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија што сакаат да реализираат некоја бизнис-идеја, преку обезбедување услуги на советување и развој на деловна активност во форма на плативи ваучери; 2) информативни и советодавни услуги преку проектот „Инфо-пулт“, што успешно се реализира во соработка со регионалните центри и инфо-центрите во Република Македонија; 3) изработка на годишен извештај за состојбата кај МСП и трендовите на овој сектор – Опсерваторија за МСП; 4) организација на работилници и обуки од областа на претприемништвото наменети за потенцијални и постојни претприемачи, како и за советници од областа на претприемништвото и бизнисот (на пример, обуки за бизнис-план, развој на иновациски и менаџмент-вештини, интернационализација итн.); 5) поддршка на развојот на социјалното и женското претприемништво.
- Со цел зголемување на влијанието и ефектите од поддршката на секторот на МСП, АППРМ реализира и вонпрограмски активности. Во овој правец е и вклученоста на Агенцијата во Програмата на Владата на РМ за Активни политики за вработување – поддршка за самовработување со кредитирање и грант.
- **Пристап до финансии** – главно се реализира преку Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) преку револвинг-фонд поддржан од Европската инвестициска банка (ЕИБ), осигурувањето на побарувањата

од домашните и странските компании и факторингот, особено во однос на извозните побарувањата што се осигурени во МБПР со цел подобрување на ликвидноста на компаниите.

Освен програмските активности на Министерството за економија и АППРМ, тековно се спроведуваат и други програми, проекти и мерки што произлегуваат од разни акциски планови и тоа преку: Агенцијата за странски инвестиции и привлекување инвестиции (АСИПИ), Министерството за образование и наука, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ), Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) и други проекти спроведени од страна на КЗПВРМ, Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) и Владата на Република Македонија.

- ФИТР има активна улога во **поддршка на иновативни проекти кај МСП преку инструментите за поддршка на Фондот**. За реализација на инструментите за периодот 2015-2019 обезбедени се девет милиони евра преку заем од Светската банка. Покрај финансиската помош што ја добиваат корисниците на средства, Фондот почна и со спроведување обуки, менторство и консултантство според потребите на секој од корисниците, со цел јакнење на нивните капацитети. Се имплементираат и низа на други активности со цел поттикнување на иновациска дејност и дополнително вложување во истражување, развој и иновации кај приватниот сектор (конференции, инфо-сесии, настани за вмрежување помеѓу јавниот сектор, приватниот сектор и високообразовните институции и слично).
- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот (АСИПИ) реализира различни програмски **активности за привлекување СДИ и за поврзување на странските со домашните компании**, како што се: маркетиншка промоција на инвестициските можности и условите за водење бизнис во земјата; одржување мрежа на економски промотори како дел од македонските амбасади во седумнаесет земји ширум светот; база на податоци за домашни компании што имаат

капацитет да станат снабдувачи на странските компании.

- Од аспект на **поддршка и унапредување на извозните активности**, активностите на АСИПИРМ се фокусирани на четирите таргет-сектори што најмногу придонесуваат за зголемување на извозот ( текстилна индустрија, метална , индустрија, прецизна механика и автомобилски делови, агробизнис и прехранбена индустрија и информатичко комуникациска технологија).
- Република Македонија беше вклучена во ЦИП и ФП7, а сега е вклучена во новите програми на ЕУ – **КОСМЕ и Хоризонт 2020**.
- **Enterprise Europe Network (EEN)** има своја канцеларија во Македонија, што обезбедува информации и советодавни услуги на локалните компании што се заинтересирани да најдат деловен партнер во Европа и пошироко, што сакаат да го зголемат својот иновациски потенцијал, да земат учество во програмите на ЕУ или да пристап до извори на финансирање. Услугите на мрежата се бесплатни, а повеќе информации се достапни на een.ec.europa.eu.
- Од аспект на поддршка на **општествената одговорност** во земјата, побарана е поддршка за изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност. Активностите во оваа област главно се ограничени на манифестацијата за доделување награда за најдобри општествено одговорни практики (ООП), во организација на Координативно тело за ООП и Бизнис-конфедерација на РМ.

Значителна поддршка за имплементација на инструментите на политиките за претпријатија и индустриска политика се очекува преку средствата на национално и регионално ниво ИПА, како и повеќе регионални проекти дефинирани со Стратегијата за ЈИЕ 2020.

# Секторски политики

За секторот **туризам**, главни документи се:

- ревидираната Стратегија за развој на туризмот со акциски план за спроведување во периодот 2011-2015
- Стратегијата за развој на руралниот туризам 2012-2017, како и годишните програми:
- Програма за развој на туризмот и Програма за промоција и поддршка на туризмот што се спроведуваат преку Министерство за економија и **Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ)** преку кои се реализираат мерките и инструментите предвидени во стратешките документи и поврзаните акциски планови.

Преку Програмата на Министерство за економија се поддржува меѓународната и билатералната соработка со значајни туристички организации и институции, особено со Светската туристичка организација, Европскиот комитет за туризам, Европската патничка комисија, ЦЕИ и др., како и обука на човечки ресурси во секторот туризам и угостителство и имплементација на некои проекти, особено во областа на руралниот туризам, поддршка на разни туристички манифестации, проекти и бизнис-форуми, поставување на туристичка сигнализација на позначајни објекти и културни знаменитости и др.

Дополнително, Министерството за информатичко општество ја разви **Националната краткорочна стратегија за развој на ИКТ секторот 2016-2017**.

# ПОГЛАВЈЕ 20

## – Институционална рамка

Бројот на ентитети активни во секторот претпријатија и индустриска политика е голем и вклучува многубројни министерства, агенции, независни јавни тела, единици на локална самоуправа, јавно-приватни партнерства, со што институционалната рамка е мошне комплексна. Централна координативна улога ја имаат КЗПВРМ (Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори) и Министерството за економија.

- **Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори (КЗПВРМ)** е задолжен за стратешка координација на сите економски сектори и институции во Владата, со посебен фокус на економските политики за пораст, унапредување на деловната клима и регионален развој. КЗПВРМ е одговорен за Стратегијата за конкурентност.
- **Министерството за економија** е клучно министерство вклучено во креирањето на економската политика. Некои од клучните стратешки документи за зголемување на конкурентноста што се развиени и водени од страна на Министерството за економија се: индустриската политика, МСП-стратегијата, стратегијата за промоција на извозот, програма за стимулирање инвестиции, стратегија за општествена одговорност, стратегија за енергетска ефикасност, како и секторски ориентираните документи (стратегија за развој на текстилната индустрија, акциски план за развој на индустријата на челик, стратегија за развој на туризмот и програма за развој на кластерите). Дополнително, Министерството за економија беше контакт-лице за европската програма ЦИП, а сега е за КОСМЕ.
- **Министерството за образование и наука** е одговорно за сите области на формално образование и обука во земјата, но и за секторите на наука и иновации. Министерството беше

- Со Законот за иновациска дејност, од 2013 година Министерството е одговорно за имплементација на Стратегијата за иновации и со на неа поврзаните области.
- **Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР)** е понова институција со мандат за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за иновации. ФИТР е основан во декември 2013 година, согласно Законот за иновациска дејност, а со цел да: i) да го поддржи развојот на МСП преку комерцијализација на иновации; ii) да ги зајакне инвестициите областите на истражувањето и развојот; и iii) да го стимулира трансферот на нови технологии. Фондот обезбедува поддршка преку различни финансиски инструменти (грантови, условени заеми и еквити инвестиции), но исто така обезбедува и техничка поддршка за јакнење на капацитетите на претпријатијата за користење на регионалните и европските фондови. Оперативните трошоци на ФИТР се покриваат од државниот буџет, додека средствата за неговите финансиски инструменти се обезбедени преку заем од Светската банка (за проектот SKILLS) во износ од девет милиони евра за периодот на имплементација 2015-2019 и 1% од ИПАРД.
- **Министерството за финансии** има водечка одговорност за сите работи поврзани со оданочувањето и финансиската политика, фискалната дисциплина, справувањето со доцна наплата.
- Подобрен пристап до финансии се остварува преку **Македонската банка за обнова и развој** како единствена банка во сопственост на државата задолжена за управување на државните и донаторските фондови и нивно приближување кон претпријатијата преку банкарскиот систем.

## Агенции за бизнис-поддршка

**Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ)** е државна агенција основана во 2003 година. Мисијата на АППРМ е промовирањето на претприемништвото и малото стопанство преку спроведување на приоритетни проекти што

што се одраз на областите на интервенции во МСП што се раководат според побарувачката и на владините програми за поддршка на претприемништвото и зголемување на конкурентноста на МСП. Основните одговорности на АППРМ се:

- Создавање и развој на институционалната инфраструктура за поддршка и развој на претприемништвото и конкурентноста во секторот на МСП;
- Спроведување и координирање на државната и меѓународната поддршка за МСП;
- Унапредување на претприемништвото преку финансиски и нефинансиски видови мерки за поддршка; и
- Спроведување на програмите за мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност во малото стопанство.

Клучни национални агенции за привлекување и поддршка на странски инвестиции се **Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот (АСИПИ)** и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ТИРЗ) одговорна за слободните економски зони. Дополнително, владата номинира четири министри без портфолио одговорни за привлекување на странски инвестиции, како и мрежа на 30 промотори во странство. АСИПИ е основана во 2004 година со основна цел привлекување СДИ, а во 2010 година промоцијата на извозот е додадена во нејзиниот мандат. Моментално, Агенцијата е одговорна за обезбедување бенефиции за гринфилд-инвестиции, информативни услуги на извозниците и други активности за поддршка на извозот, вклучувајќи учество на меѓународни саеми, истражување на странски пазари, размена на трговски информации и слично.

**Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија** е владина институција основана во 2008 година и оттогаш дејствува во следните две области:

1) Промоција на Македонија како атрактивна туристичка дестинација преку подготовка на промотивни материјали, учество на меѓународни саеми за туризам, организација на инфо-тури за туристички оператори и новинари од странство, промоција преку разни медиуми;

2) Поддршка на секој аспект на развој на туризмот, од рурален, црковен, до активен туризам, поддршка на развојот на туристички зони, обезбедување субвенции на домашни и меѓународни туроператори за странските туристи.

## Граѓанскиот сектор и Поглавје 20

Владините организации преку јавно приватното партнерство соработуваат со многубројни други организации, релевантни за Поглавје 20, како што се стопанските комори (на пример, Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Занаетчиска комора, Туристичка комора), работнички организации, организации на работодавачи, деловни асоцијации, регионални бизнис-центри и инкубатори, бизнис-стартап и плански центри и другите граѓански организации релевантни за наведеното реформско подрачје.

**Поглавје 20 граѓанските организации** се вклучени во поддршката на:

- Процесите РИА и ПВР
- МСП и претприемништвото (вклучувајќи го женското и социјалното претприемништво)
- Старт-апи и иновативни бизниси (технолошки паркови, бизнис инкубатори, фондови, акцелератори и сл.)
- Занаетчиството
- Секторските политики (вклучувајќи асоцијации, кластери, комори и сл.)
- Странските инвестиции (вклучувајќи странски и билатерални комори)

Сите чинители, вклучително и **граѓанските организации**, мора да ги интензивираат своите напори и вклученост во креирањето и имплементацијата на политиката за претпријатија и индустрија со цел поефикасно справување со предизвиците на македонската економија: унапредување на конкурентноста, зголемување на продуктивните инвестиции, диверзификација на извозот, креирање на услови за одржлив економски пораст, зајакнување на бизнис рамката (правна и институционална), имплементација на правото на ЕУ. Граѓанските организации од Поглавје 20 ја препознаваат оваа потреба за поголем ангажман во процесот на дизајн, имплементација и мониторинг на принципите, инструментите и секторските на политики на ова реформско подрачје.

# ПОГЛАВЈЕ 20
# ПРИОРИТЕТИ

Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со донесување на нова Стратегија за конкурентност и неколку законски измени. Во претстојната година, земјата треба:

→ да продолжи да ја приспособува правната рамка и да развие мерки за да се олесни пристапот на МСП до финансии;

→ да донесе стратегија за промовирање на женското претприемништво, стратегија за мали и средни претпријатија и стратегија за туризам.

Политиката на претпријатија во земјата се реализира преку: подобрување на деловната клима и дијалогот со бизнис-заедницата за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери со понатамошна имплементација на регулаторната гилотина и РИА, водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентна економија базирана на знаење, иновации, привлекување на странски инвестиции, развој на претприемништво, кластеринг и извозна ориентација. Од аспект на подобар пристап до финансии значајни се активностите на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој, можностите што се нудат преку Програмите на Заедницата, КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020, регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатијата и иновации за Западен Балкан“, како и повеќе други проекти.

| | Краткорочни приоритети | Среднорочни приоритети |
|---|---|---|
| ПРИНЦИПИ | • Понатамошна имплементација на донесените стратешки документи<br>• Усвојување на нови стратегии за МСП и женско претприемништво<br>• Обезбедување на подобар пристап до финансии преку проширување на мерките на МБПР, изработка на законска регулатива за бизнис-ангели и развој на концептот за финансирање преку бизнис-ангели<br>• Искористување и проширување на можностите што ги нуди ФИТР<br>• Искористување на програмите на ЕУ, како и на Регионалниот фонд за иновации (ЕНИФ)<br>• Имплементација на мерки за унапредување на туризмот<br>• Следење на рангирањата на земјата во меѓународните извештаи | • Понатамошно подобрување на деловната клима, продолжување на дијалогот со бизнис-заедницата, развој и спроведување на стратешките развојни документи за поттикнување на конкурентноста и спроведување на структурните реформи, како и ефикасно користење на средствата ИПА.<br>• Продолжување на активното учество во регионалните иницијативи што произлегуваат од имплементацијата на Стратегијата за ЈИЕ 2020<br>• Развивање на институционалниот капацитет за креирање, спроведување, следење и оценување на политиките за претпријатија и индустриската политика |
| ИНСТРУМЕНТИ | • Имплементација на годишните програмски активности<br>• Кофинансирање трошоци на фирмите за развој на производ, развој на пазар, воведување стандарди, развој на инфраструктурата за МСП, женско претприемништво и поддршка и развој на занаетчиството<br>• Обуки за подобрување на конкурентноста на МСП, локалните консултанти, општествена одговорност и промоција на социјалното претприемништво<br>• Работилници за промоција на претприемачкото образование<br>• Финансирање иновативни проекти преку ФИТР, разгледување можности за воведување на нови инструменти<br>• Исполнување на обврските за членство во програмата КОСМЕ, промоција на можностите за финансирање од неа<br>• Редовно користење на порталот konkurentnost.mk<br>• Финансирање за изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност | • Континуирана имплементација на стратешките документи за конкурентност, индустриска политика и развој на МСП и ефикасно користење на средствата ИПА<br>• Подобра искористеност на програмата КОСМЕ, нејзино интензивно промовирање кај финансиските институции и банките<br>• Зголемување на приливот на СДИ преку комбинирани напори на АСИПИ и партнерските институции за маркетиншка промоција и обезбедување услуги<br>• Во насока на понатамошна поддршка на иновациите, освен ФИТР се очекува да почне да функционира и Национална канцеларија за трансфер на технологии<br>• ФИТР ќе поддржи работење на деловно-технолошки акцелератори, а се планира и основање Фонд за еквити и мезанин инвестиции<br>• Со проект поддржан од ИПА ќе се воспоставува инфраструктура за иницирање на бизнис-акцелератори во рамките на универзитетите |
| СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ | • Усвојување на Националната стратегија за туризам, понатамошна имплементација на мерките што се предвидени во Програмата за развој на туризмот и Програмата за промоција и поддршка на туризмот<br>• Имплементација на Проектот за локална и регионална конкурентност на ИПА во сферата на туризмот | • Континуирана имплементација на стратешките документи и проекти за развој на туризмот во Република Македонија<br>• Имплементација на регионалните секторски иницијативи<br>• Унапредување на капацитетите за креирање, имплементација и следење на програмите за туризам |

| Матрица на цели и активности – ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Принципи на претпријатија и индустриска политика | | | |
| **Цел/активност** | **Надлежна/и институција** | **Почеток** | **Крај** |
| **Подобрување на деловната клима** | | | |
| Подобрување на деловната клима преку спроведување на Регулаторна гилотина и процена на влијанието на – РИА | Министерство за информатичко општество и администрација | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Инструменти на претпријатија и индустриска политика | | | |
| **Подобрување на конкурентноста, иновативноста и претприемништвото на македонските фирми** | | | |
| Имплементација на стратегијата за иновации 2012-2020 | Министерство за образование и наука (+КЗПВРМ, ФИТР) | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Имплементација на Индустриската политика 2009-2020 | Министерство за економија (Сектор за индустриска политика) | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Имплементација на Стратегијата за занаетчиство 2012-2020 | Министерство за економија (Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП) | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Имплементација на Програма за конкурентност, иновативност и претприемништво 2017 | Министерство за економија (Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП) | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Имплементација на Програмата за поддршка на конкурентност, иновативност и претприемништво на МСП 2017 | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Имплементација на инструментите на Фондот и спроведување на активностите од Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012-2020 под ингеренција на Фондот | ФИТР | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Јакнење на капацитетите на приватниот сектор во областа на иновациите и технолошкиот развој преку одржување на инфо-настани и обуки | ФИТР | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| **Да се подобри пристапот на МСП до финансиски услуги** | | | |
| Подобрување на пристапот до финансии за МСП преку реализација на четвртата фаза од кредитната линија на ЕИБ | МБПР | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Развој на концепт за воспоставување на правна рамка на неформален ризичен капитал – носење на посебен закон за бизнис-ангели | КЗПВРМ | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Учество во регионалниот финансиски инструмент ЕДИФ | КЗПВРМ | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Олеснување на пристапот до финансиски средства за иновациска дејност и трансфер на технологии преку доделување кофинансирани грантови и условени заеми под инструментите на ФИТР | ФИТР | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Политики по сектори | | | |
| **Зголемување на атрактивноста на Македонија како туристичка дестинација** | | | |
| Спроведување на програмата за развој на туризмот за 2017 | Министерство за економија (Сектор за туризам и угостителство) | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Спроведување на програмата за поддршка и промоција на туризмот за 2017 | Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) | 01.01.2017 | 31.12.2017 |
| Имплементација на Проектот за локална и регионална конкурентност на ИПА во сферата на туризмот | КЗПВРМ (+АППТ, Министерство за економија) | 01.01.2017 | 31.12.2018 |

# СОГЛЕДУВАЊА

Развојот на конкурентноста и секторот на МСП претставува еден од врвните приоритети на ЕУ. Европското законодавство и финансиската поддршка даваат можност за воспоставување стопанство базирано на конкурентност во состав со глобализациските промени и потребата за одржлив економски развој. Во таа насока, МСП претставуваат еден вид движечка сила што го поттикнува индустрискиот пораст и економскиот напредок.

Република Македонија го прифаќа **правото на ЕУ** што се однесува на политиката за претпријатија и индустрија и од тој аспект не се очекуваат особени тешкотии во имплементацијата на acquis при пристапувањето (Директивата за доцнење во наплата и целосна сообразност со член 4, како и дефиницијата за МСП). Изменети се повеќе од 20 релевантни закони за водење бизнис. Во таа насока, донесен е и нов закон за вршење занаетчиска дејност. Исто така, намалени се казните за прекршок од страна на компаниите, земајќи ја предвид големината на компанијата. Законот за финансиска дисциплина беше изменет со цел решавање на утврдените недостатоци во спроведувањето, но компаниите сè уште се соочуваат со тешкотии во спроведувањето на договорите, особено во однос на ненаплатените побарувања. Неколкуте измени и дополнувања на Законот за технолошки индустриски развојни зони дополнително ја засилија атрактивноста на тие зони. Сепак, постои загриженост за тоа дали даночниот режим за таквите зони е во согласност со Кодексот на однесување на ЕУ за деловно оданочување и Царинскиот закон.

Формулирањето и имплементацијата на политиката за претпријатија и индустрија побарува соодветен административен капацитет на национално, регионално и локално ниво, вклучувајќи ефикасен процес на консултација и механизми за соработка. Предизвик е тоа што **нема дефинирана структура за сите стратегии** и постоење на ефикасен

и функционален систем за стратешко планирање. Треба да се работи на воспоставување на еден кохерентен и функционален систем на стратешки документи. Следствено, се јавува неконзистентност во стратешката база, преклопување или јазови.

**Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР)** е клучна институција за поддршка на иновациите кај бизнис-заедницата. За ФИТР се врзани амбициозни планови, воведување на нови инструменти и нови области на дејствување. Затоа е неопходно да се продолжи со поддршка на оваа институција. Покрај финансиската потпора, неопходно е континуирано да се работи на подигање на свеста и на капацитетите на бизнис-заедницата за да се овозможи соодветна искористеност на средствата од Фондот.

Години по ред во извештаите на ЕК за напредокот на земјата јасно се наведува значајната улога што **Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ)** ја има кога станува збор за развојот на МСП-секторот, но воедно постојано се укажува на недоволните (финансиски) ресурси за постигнување на соодветен ефект од нивните програмски активности. Воедно, АППРМ треба да биде повеќе вклучена во владините стратегии, особено во МСП-стратегијата.

**ЕНЕР-системот** поседува голем потенцијал за консултации и дијалог со бизнисот во процесот на донесувањето на легислативата. Но, тој треба и понатаму да се унапредува и да се промовира, преку обезбедување на некои дополнителни инструменти за вклучување на релевантните чинители.

**Финансиските инструменти на ЕУ** за развој на бизнисот според иницијативите – КОСМЕ и ЕДИФ не се доволно искористени. Покрај вложувањето напори за нивна промоција, неопходно е да се продолжи со процесот на градење капацитети за подготовка и имплементација на релевантни проекти.

За земја како Република Македонија чекорите и активностите што се остварува и се реализираат во оваа област се во директна врска со развојот на целокупната индустрија, при што јасно дефинираната индустриска политика и развојот на стратешките сектори, заедно со политиката базирана на поддршка на МСП, претставува важен предуслов за развој на силна пазарна економија.

# За проектот и платформата Поглавје 20

Проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20 (YESNetwork+)“ цели да постигне координација помеѓу граѓанските организации во реформскиот процес за Поглавје 20, да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за креирање политики, вмрежување и мониторирање на политиките за Поглавје 20, да се подобри координацијата и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и другите релевантни чинители и да се подигне свеста за значењето на Поглавје 20 за целокупниот напредок на земјата кон ЕУ.

Изработката на оваа публикација произлезе од потребата за запознавање и подигање на свеста за значењето и структурата на Поглавје 20, што ќе овозможи адекватно вклучување на релевантните чинители во реформскиот процес. Воедно, даден е осврт кон политичката и институционалната рамка чиешто разбирање и координација е од голема важност за успешна реализација на проектите и активностите од секторот на МСП и индустријата.

# Што е платформа „Поглавје 20“?

Платформата „Поглавје 20“ е првата и единствена национална платформа за претпријатија и индустриска политика, формирана преку проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20“. Платформата, составена од граѓански организации што дејствуваат во областите од поглавје 20, има цел активно да се вклучи во реформскиот процес како важен чинител во јавно-приватниот дијалог.

Платформата ќе работи според Акциски план за работа на годишно ниво, што ги опишува целите, активностите и одговорните организации.

Платформата ќе креира и сопствен ресурсен центар со материјали релевантни за следењето на реформските приоритети на Поглавје 20, со јавно достапни ресурси, што ќе поддржи трансфер на знаење и координација помеѓу граѓанските организации и другите релевантни чинители на национално ниво.

Платформата дополнително активно ќе работи на јакнење на капацитетите на граѓанските организации за креирање политики и вмрежување, ќе организира многубројни обуки, вебинари, експертски средби, интернационални форуми за добри практики, како и разни активности за дисеминација и зголемување на свеста за важноста на Поглавје 20 во процесот на пристапување кон ЕУ.

**Проект:**
**„Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20"**

**Контакт:**
**Фондација за менаџмент и индустриско истражување**
**Ул. „16-та македонска бригада", бр. 13 Б (п. фах 776), 1000 Скопје**
**www.mir.org.mk, 02/3108-891**

## Проектот е имплементиран од:

**Фондација за претприемачки сервис за млади**

**Фондација за менаџмент и индустриско истражување**

**Здружение за рурален развој „Јавор"**

**Проектот е финансиран од Европската унија.**
Оваа публикација е изготвена со помош на Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.